РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 15-1570/1
08 03 20 11 год.
СКОПЈЕ

11.03.2011г.

07 202 1

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" број 58/00, 44/02, 82/08 и 167/10), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/2009 и 115/10), Министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус универзитетски студии по Физичко и здраствено образование на Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус универзитетски студии по Физичко и здраствено образование на Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација на решението за акредитација број 12-116/4 од 22.10.2010 година, на студиската програма од прв циклус универзитетски студии по Физичко и здраствено образование, Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, до Министерството за образование и наука, се обрати со барање под наш број 12-8583/1 од 03.11.2010 година, за извршување на увид на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведената студиска програма од прв циклус универзитетски студии.

Министерот за образование и наука, за ова цел со решение број 12-8583/2 од 27.11.2010 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 15.02.2011 година, изврши увид и изготви извештај број 12-8583/3 од 02.03.2011 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус универзитетски студии по Физичко и здраствено образование на Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите за почеток со работа, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" број 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Никола Тодоров

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
СКОПЈЕ

**Доставено до:**
- **Примач**
- **Архива**

изготвил: Нухи Ајдини
прегледал: Борчо Алексов
одобрил: м-р Агим Рушити